# THE TEACHER OF THE FUTURE AND HIS / HER MORAL CHARACTER

**Danka Joveva**
Gymnasium „Slavcho Stojmenski", Shtip, Republic of N. Macedonia, djoveva@yahoo.com

**Abstract:** This paper will deal with the role of the moral character of the teacher in the training educational process. The process of formation of the individual as a moral person is of a great importance for the society and every member of the community as well. It is one of the primary and basic social tasks. The values of the moral character of each individual is extremely important in today's global society. Their importance is of the building of the human consciousness and ability of evaluation of the sense and the value of life. Furthermore, the teacher should serve the society and the individual as well, for to provide and make the development of the individual happen in accordance with his / her interests, abilities, possibilities and value orientations. The training depends on the professional and moral qualities of the teacher and it is largely based on the personal example of the one who directs and leads the young people, that is why the teacher is one of the important assumptions for successfully and valuable moral education. In this research the following methods were used: method of theoretical analysis and synthesis, descriptive method, inductive and deductive method.
**Keywords**: teacher, moral values, moral character, knowledge

# НАСТАВНИКОТ НА ИДНИНАТА И НЕГОВИОТ МОРАЛНИОТ ЛИК

**Данка Јовева**
СОУ Гимназија „Славчо Стојменски", Штип, djoveva@yahoo.com

**Резиме:** Трудот ќе се занимава со улогата на моралниот лик на наставникот во воспитно образовниот процес. Процесот на формирањето на индивидуата како моралнa личност е од голема важност како за општеството така и за секој член на заедницата. Тоа е една од примарните и темелни општествени задачи. Вредностите и моралниот лик на секоја индивидуа се исклучително важни во денешното глобално општество. Тие се од значење за изградбата на човековата свест и способноста за оценување на смислата и вредноста на животот Во таа насока наставникот треба да му служи и на општеството и на поединецот, да обезбеди и да го овозможи развојот на индивидуата во согласност со неговите интересирања, способности, можности и вредносни ориентации. Воспитувањето зависи од професионалните и моралните квалитети на наставникот и во голема мера се базира врз личниот пример на оној кој ги насочува и води младите, затоа ликот на наставникот е една од важните претпостаки за успешнао и вредно морално образование. Во ова истражување се користени методите на теориска анализа и синтеза, дескриптивниот метод, индуктивниот и дедуктивниот метод.
**Клучни зборови:** наставник, морални вредности, морален лик, знаење

## 1. ВОВЕД

Воспитанието и образованието секогаш играле значајна улога во општеството и во животот на човекот. Воспитно -образовниот процес има силно општествено значење а улогата на наставникот во овој процес е исклучително одговорна и важна. Денес, во современиот свет, развојот на една земја зависи од способностите, знаењата, вештините и умеењата на кадровскиот потенцијал на заедницата. Човекот во знаењета го наоѓа клучот за решавање на многуте егзистенцијални проблеми. Ако пак, воспитувањето се базира прво врз личниот пример на оној кој ги насочува и води младите, тогаш ликот на наставникот е една од важните претпостаки за успешно и квалитетно морално образование.
Низ моралното образование младите се подготвуват за својата зрелост во која ќе треба да настапат со свои решенија за важните животни прашања. Тоа од нив бара да се изградат како автономни, етички личности, а за сето тоа важна улога меѓу другото има моралниот ликот на наставникот.
Овој проблем е широк и за него се заентересирани сите што се занимаваат со воспитанието и образованието. За подобро да се разбере улогата на моралниот лик на наставникот неопходно е да се објасни помот училиште, како и да се укаже на професиналните и морални квалитети кои треба да ги има наставникот.

## 2. ПОИМ ЗА УЧИЛИШТЕ

Сфаќањата за училиштето и неговата улога и функција датираат од многу одамна. Училиштето има за цел да

ги подготви младите за иднината, а во училиштето учениците стекнуваат знаења, вештини и навики кои понатаму им помогаат да се изградат во здрави личности. Сето тоа се постигнува со помош на наставникот кој е професионална личност, со образовни и етички квалитети и ученикот кој е учесник во дидактичко-комуникациските активности, кои се насочени кон неговото образование, воспитание, интегрирањето во општествената заедница и градење во самостојна, независна, критичка и морална личност.

Постојат повеќе дефиниции за тоа што е училиштето, некои од нив се следните: „Училиштето е место каде што детето израснува, каде што има шанса да се развие правилно и да научи разни добри нешта.“ (Темков, 2010, стр. 49-50) Понатаму, „Училиштето е современа педагошка заедница во која се планираат, координираат и реализираат програмските содржини со кои се стекнуваат знаења, се потикнува развојот на личноста, со цел да се потпомогне во вклучувањето на ученикот во општествениот живот и во средината во која се наоѓа, и истовремено да го подготви за идниот живот. Овде не се стекнуваат само знаења туку се подига здрава, хумана,
образовна, критичка и творечка личност. “ (Мирасчиева, 2007, стр.55)

Училиштето претставува специфичен организациски систем со функционална училишна организација и соодветно дизајнирана структура, која има цел и задача да продуцира такви активности кои ќе доведат до високи достигнувања и резултати кај учениците.

Наставниците континуирано професионално се усовршуваат за да можат подобро да одговорат на новите промени на општеството. Во наставата наставникот има исклучително важна улогаоги. Наставникот ги избира методите, формите, стратегиите и активностите што ќе ги примени на часот. Тој одлучува што ќе избере, истакне, прошири или редуцира, се со цел наставната материја да им ја доближи на учениците за да можат поадекватно да ја усвојат. И уште повеќе наставникот учество во реализацијата на сите педагошки активности, трудејќи се да ги изведе креативно и успешно. Наставникот го води и насочува воспитно-образовниот процес, тој ја знае насоката кон неговата ефикасност и успешност. (Suzic. 2005)

## 3. ПОТРЕБАТА ОД МОРАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Моралното воспитување и образование претставува клучна алка во развојот на личноста. Не е доволно човекот само да се роди, тој треба да ја оствари суштината на своето постоење. Тоа подразбира доблесен живот со јасна визија за човештвото и за иднината. Во тоа спаѓа и способноста на индивидуата да го согледа своето место и улога во светот и да ги реализира своите потенцијали. Човекот не претставува самодоволна индивидуа, тој живее и дејствува низ интеракцијата со другите луѓе, дури и од пошироката заедница. Аристотел го означил човекот како *зоон политикон*, тој е суштество кое живее во општество и треба да се соживее со него и да се почувствува како негов дел. Тоа претпоставува човекот да ги прифати моралните норми и правила кои владеат во заедницата како свои, тие се создадени за да го олеснат заедничкото живеење на луѓето. Тој треба да придонесува за прогресот на заедницата како и за напредокот и глобалениот развој. Човекот мора да има добро однесување кон себе а и кон другите луѓе. Треба да соработува со сите и да негува љубов во меѓусебните односи, треба да ги почитува сите без оглед на верските, националните, расните, половите, генерациските разлики. Тој, треба да се однесува исправно и кон растителниот и животинскиот свет и кон природата во целост. Тој е дел од природата и природните закони делуваат врз него.

За остварување на доблесен живот човекот треба да изгради и постави систем на вистински вредности кои ќе ги почитува и ќе се стреми за нивна реализација. Тоа значи да биде свесен за реалноста на Доброто и Злото и за нужноста од негов правилен етички избор и насочување. Изборот на доброто наспроти злото не е едноставен и лесен, тој избор е резултат на човековиот напор и заложба да ги насочи волјата и активноста кон исправното, правилното, моралното. Со тоа се определува животниот пат на поединецот и неговиот начин на живеење.

Живееме во информатичко општество, кога информациите и сознанијата застаруваат преку ноќ, научно-технолошкиот развој достигнува зенит а обратно-пропорционално од овој напредок во областа на науката и техниката се бележи морален пад во сите човекови области: во односот кон себеси, кон другите луѓе и кон пошироката заедница како и во односот кон природата. Гледано во светски рамки, човекот е несигурен во себе, често воден од негативни вредности, напнат и конфликтен во односите со другите и отуѓен од својата суштина. Трагично е кога и во XXI век се водат војни како решенија за настанатата криза во односите помеѓу луѓето. Луѓето направија огромни, непоправливи грешки и во својот експлоатирачки и неплански однос кон природата, повредувајќи ја и отуѓувајќи се од неа тие го намалија квалитетот на сопственото живеење.

Тука се јавува потребата од моралното образование. Човекот мора морално да се обликува и етички да се образува. Луѓето треба да бидат конструктивни членови на заедницата. На светот му требаат автономни

личности со добра волја и здраво однесување, решителни и сигурни во постапките, луѓе со изразено чувство на должност кон себе и кон останатите. Моралното образование помага во изградбата на овие личности. Од реалните тешкотии произлегува потребата од организирано, перманентно и систематско Етичко образование. Тоа е нова педагошка област и предмет. Моралното образование ќе му помогне на човекот да го пронајде патот до себе, да го согледа своето место и својата улога во светот, оспособувајќи се да се соживее со целината и да се доживее себеси како нејзин дел, како дел од сепостоечкото. (Темков, 2005)

## 4. МОРАЛНИОТ ЛИК НА НАСТАВНИКОТ

Наставникот е главен носител и субјект во воспитно –образовниот процес. Со својата функција и активност претставува стожер на целиот воспитно образовен процес. Бидејки наставникот е основен фактор на наставата, тој треба да има стручни и творечки квалитети за да може да ја извршува сложената и одговорна наставничка должност. Како воспитувач, наставникот треба да раководи со процесот на моралното воспитување на младата личност, да биде осмислувач на нејзиниот морал, прв советник и еден од нејзините патокази за снаоѓање во светот и следењето на правилните норми на животот и однесуваето.

Моралните квалитети на наставникот се важни за успешна воспитно-образовна работа исто колку и професионалните. Моралните квалитети се однесуваат на карактерот на наставникот, на неговото однесување кон учениците како и на психолошките и моралните својства на наставникот.

***-Морални квалитети на карактерот на наставникот***

Наставникот треба да го краси *добрина*. Добрио човек секогаш има добра мисла, добра намера и се труди да постапува добро. Ако наставникот пред себе како цел и морален идеал си ја постави добрината а во себе ја носи љубовта кон професијата што ја избрал, тогаш тој со почит и внимание се однесува при нејзиното извршување а со благост и морална строгост и консеквентност се однесува спрема своите ученици. Тој треба да *постапува доследно* и *искрено* со личен пример да покажува на своите ученици како треба да се однесуват во комуникација со околината да бидат искрени и доследни пред се, кон самите себе, а потоа и кон друѓите луѓе. *Коректност*а е стремеж да се постапува правилно а направените грешки да се исправат и избегнуваат во иднина. *Скромниот насавник* не ги истакнува, наметнува ниту преценува своите вредности, способности и особености во работата и во комуникацијата со своите ученици или со луѓето. Ги контролира и одмерува своите постапки. Скромноста е својство на учените и мудрите, на одговорните и љубезните, па така таа често се среќава кај наставниците. Наставникот треба да биде и *хуман*. Воспитната работа мора да се темели на љубовта кон децата и младите, во неа треба да владее педагошка љубов, разбирање за нивната природа, желба и стремеж, почитување на нивната личност. Тогаш педагошката дејност се востановува како највисока дејност и највредна активност на човештвото. И кога зборуваме за моралните квалитети на карактерот на наставникот секако треба да ја спомнеме и *чесноста.* Таа е стремеж кон исправен, доблесен однос кон другите луѓе, кон работата, кон имотот и кон самиот себе. Наставникот кој го следи овој пат со љубов ја извршува својата благодарна задача а младите луѓе ги охрабрува да бидат чесни и морални и да ја почитуваат етиката која толку многу е потребна во денешниот свет. (Potkonjak,1965) (Темков, 2005)

***-Морални квалитети во однесувањето кон учениците***

Учениците треба *да се почитуваат***,** секое дете е засебна личност со свој интегритет. Иако тие се мали по возраст секое од нив си има сопствено почитување и мислење за себе. Од страна на наставникот трба да биде пофалена секоја нивна иницијатива и вложен труд. Не треба да се омаловажуваат велејќи им дека прашањата или одговорите име се „безвезни и глупави". Наместо тоа потребно е да се наведуваат самите да донесат заклучок дека прашањето или одговорот кој го изнеле не е соодветен или не е доволно добар. Искажувањето поддршка и совет за во иднина да бидат подобри секогаш ќе вродат со плод отколку изнесените омаловажувања и критики. Сепак наставникот за учениците треба да бидете авторитет кој ќе им даде до знаење дека нема да го толерирате нивното несоодветно однесување и навреди и на тој начин да биде попочитуван од учениците.

Многу е важно воспитувачот со својот искрен однос и љубов кон учениците да ја потикне нивната *доверба* кон него што е улов за упешна соработка. Ако постои доверба учениците може отворено да зборуваат за своите ставови и проблеми и да ја добијат потребната помош од наставникот. Довербата е основа за вистинко сплотување на луѓето. Наставникот треба да биде и *достоинствен* и во својата работа и во личниот живот. Наставникот низ своето однесување треба да води сметка со ниедна своја постапка или ѓест да не ја искомпронтира својата личност и својата професија. Никогаш не смее да се покаже како алчен, нетактичен, да не биде смешен и да не служи за подбив.

Многу важен структуралени етички елемент на современиот наставник е поседувањето *способност за педагошки контакт*, тоа значи да има способност за зближување со ученикот. Тој контакт може да биде

личен и работен. Низ личниот контакт наставникот може да се зближи со учениците да проникне во нивниот духовен свет, да се обиде да ги сфати нивните желби , потреби и интереси, во различни ситуации да го разбере нивното однесување, проблемите кои ги оптоваруваат, како и влијанието на средината во која живеат. Личниот контакт на наставникот со учениците допринесува тие меѓусебе да се почитуваат, на часот да бидат дисциплинирани, внимателно да соработуаат, да размислуваат за направените грешки и да се поправат. *Култура на личноста* и *културат на однесувањето* се придобивки на циилизацискиот развиток и на личноста. Добриот наставник покрај тоа што знае на успешен начин да им ги пренесе знаењета на учениците, тој преку своето културно однесување треба да им биде и пример како тие правилно да се однесуваат, што е многу важно за квалитетен духовен и човечки контакт во наставата.

Освен со учениците наставникот треба да има добра комуникација со родителите**,** затоа што градењето добар и правичен однос со родителите истовремено значи градење добар и правичен однос и со учениците. Родителите да се примаат љубезно, достојно претставувајќи ја културата на училиштето. Со родителите не треба да комуницирате само кога ќе се појават проблеми, контактите со нив треба да се навреме и да бидат континуирани. Во комуникацијата со родителите треба културно и посветено да се сослушаат сите нивни предлози и забелешки, но истовремно и јасно да им се даде до знаење дека наставникот е раководителот на паралелката.

Наставникот никогаш не смее да се задоволи од својата работа, секогаш треба да се обидува да постигнува што повеќе, само тока тој постојано ќе расте и ќе се усовршува во професијата што си ја избрал. Посветеноста на работата се пренесува како позитивен пример врз учениците. Понатаму наставникот треба да е *толерантен.* Толеранцијата е исклучително важна вредност и низ целата историја на човековата мисла било истакнувано нејзиното значење. Со толерантен наставник учениците имаат чуство на сигурност и го имат неговото максимално разбирање. Наставникот треба да им биде пријател и да биде *хуман*, да не ги казнува и омалуважува учениците и да не им предизвикува чувство на страв кога ќе погрешат или нема да знаат. Наставникот треба да развие кај ученикот чувство на пријатност и чувство на почитувана личност.

***-Лични, психолошки и морални својства на наставникот***

Наставниот час трае 40 минути во основно, односно 45 минути во средно образование, тоа не се однесува само за учениците туку и за наставниците. Наставникот треба да го искористи секој момент во училиште на ефективен и ефикасен начин за доброто на учениците. Со доцнењето на час на наставникот се намалува времето за ефикасно реализирање на наставната содржина, а што е уште полошо со тоа им се дава лош личен пример на учениците. Исто така едно од личните морални својства кои треба да ги поседува наставникот е *алтруизмот*. Алтруист е човек кој пред се мисли на другите, човек кој не води грижа само за своите интереси туки се грижи и за интересите на другите.Алтруистот не е самолубив, саможив, себичен и тој има разбирање за другите, има симпатија кон нив, сочуствува со нив и работи за нивно добро и среќа. Ваквиот наставник секогаш мисли на учениците и им прави добро, неговото добро расположение, позитивните мисли и очекувањата треба да бидат непресушен извор за пријатна и творечка комуникација. Наставникот постојано треба да им помага на учениците, како во креирањето на нивните знаења, така и во обликувањето на нивната личност воопшто. Резултатите од неговото не себично давање, крунисано со неизбежен успех на учениците е неговата најголема морална сатисфакцја.

Понатаму наставникот треба да е *вреден* (квалитетен). Императив на секј настаник треба да биде исполнувањето на својата должност, извршувањето на своите задачи, трудолубивоста и стремежот со самопрегорна работа да се постигне највисоката педагошка цел, а тоа е изведување на учениците на патот на науката и на човечноста. При подготовките за часот наставникот мора да има предвид дека учениците мора да мислат, да анализираат, синтетизираат и заклучуваат, како и да ги применуваат стекнатите знаења, потоа дека наставникот не треба да биде давател на готови податоци, туку и да им помогне на учениците сами да доаѓаат до нови знаења. При тоа наставникот треба да планира активности и техники со кои треба да постигне постојано активирање на сите ученици, и начелото на работливоста да го постави на врвот на образовната дејност.

Почитувањето на колегите е исто така важна вредност која треба го краси наставникот. Потребно е наставниците да се однесуваат со почит кон колегите, учениците, техничко административниот персонал и кон родителите. Колегите никогаш не треба да се оговараат или да се кажуваат лоши работи за нив посебно не пред учениците. Сите наставници се учесници во воспитно-образовниот процес, а преку оговарање се руши кредибилитетот на сите кои учествуваат во овој процес. Наставникот теба да биде сериозен и праведен во комуникацијата со колегите и секогаш да има разбирање за другите.

Наставникот треба да биде *уреден*, на тој начин ќе се чувствувате пријатно, а учениците ќе го почитуваат. Оделото, односно носењето костум од страна на наставниците е пожелно бидејќи на тој начин се остава

силен впечаток кај учениците, но секако не е и задолжително. Наставниците на работа треба да се со средена фризура и пристојно облечени, при тоа избегнувајќи: кратки здолништа, отворено деколте, тесни панталони, искинати фармерки, бермуди, хеланки, проѕирни блузи, премногу накит или било што провокативно на себе бидејки наставниците се секогаш пример за учениците.

Наставникот *не треба да прави разлика* помеѓу учениците. Сите деца се исти и заслужуваат подеднаква третирање, без разлика што некое дете можеби е посимпатично од друго или едно дете е подобро ситуирано од друго. Секое дете треба да добие подеднаква прилика и можност да се истакне и да се докаже во училиштето.

Наставникот треба да биде *истраен* на најтешкиот пат на преобразбата на учениците од деца кон ворасни луѓе. На тој пат наставникот се сретнува со многу проблеми и искушенија, но тој мора да биде цврст и непоколеблив во одлуката тој пат сите заедно доблесно да го изодат. Со своето однесување, со личен пример наставникот најсоодветно ќе им покаже на учениците како треба да постапуват и да се однесуваат. Наставникот кој е *учтив* кај учениците ќе предизвика почит и уважување, тоа се реципрочни етички пристапи и оценки. Преку личен пример наставникот треба да им укаже на учениците дека користењето на мобилниот телефон е забрането за време на час, освен кога истиот може да послужи како нагледно средство при реализација на некоја наставна содржина. На учениците во однос на користењето на мобилниот телефон да им се даде до знаење дека она што важи за наставникот ќе важи и за нив.

Наставникот треба да е *чуствителен* за да може полесно да ги рабере учениците и да предизвика и тие да мислата за себе и за другите, да се чуствуваат добро, да учествуваат во отворени дискусии и да ги споделуваат сопствените мисли и чуства. Во овој трескавично забрзан и невротичен свет, наставникот мора да најде сила да биде спокоен и смирен, за да стане потпора и пример за своите ученици, за тие да се подготват да ги преземат задачите кои ги очекуват, пред се да го живеат достојно и смирено животот и светот да го направат подобар.

*Пријателството* филозофите го сметат за исклучителна вредност и добродетел. Пријателски расположен наставник создава поткрепувачка атмосфера, во која учениците се чуствуват охрабрени да соработуваат и да ги споделат своите лични размислувања, чуства и искуства и да комуницираат меѓусебно. Тогаш училиштето и класот заличуваат на вистинска човечка заедница за каква што сонуваат сите луѓе, заедница во која секој со радост ги обавува задачите и ќе постигнува значајни реултати. (Темков, 2005, стр.20) (Potkonjak, 1965, стр.115)

Ангажманот како наставник не завршува со училишното ѕвонче, наставникот и надвор од училиштето е наставник: во продавница, на улица, во кафетерија, на спортски натпревар итн. Што значи моралното и етичко однесување на наставникот треба да биде континуирано однесување и треба да се манифестира и надвор од училиштето на секое место и во секоја прилика.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Наставникот е основен фактор на наставата на нејзиното изведување и нејзиниот успех. Затоа тој треба да има голема број стручни и творечки квалитети за да може успешно да ја извршува сложената и мошне одговорна наставничка работа. Педагошката дејност е најубавата и најважна активност на светот. Таа им го отвара патот на младите, а возрасните во неа ги вложуваат своите најдлабоки грижи за идните генерации. Затоа во педагошката дејност се сконцентрирани идеалите на луѓето и тука тие се оформуваат во личности кои ќе го дадат својот придонес за човештвото.

Моралниот наставник покрај тоа што знае на успешен начин да им пренесе знаења на учениците, тој преку своето однесување треба да им биде и пример како тие правилно да се однесуваат. Во своето работење како наставник тој воспоставува правила за добро однесување, но истите покрај тоа што важат за учениците треба да се почитувани и од наставниците.

Во педагошката дејност се случуваат вредни нешта, наставниците ги учат младите и тоа го прават со увереност дека ја извршуваат најважната работа на човечкиот род а учениците сметаат дека тоа се најважните мигови од нивниот живот. Таа тешка , одговорна и прекрасна задача можат да ја исполнуват само наставници кои се одговорни и полни со морални калитети. Во моралното образование личноста на наставникот е прв едукативен фактор. Наставникот е оној кој со уверување ги искажува моралните знаења и со уверливост ги посочува моралните норми.

Педагошката љубов на наставникот е најсигурно средство за морална едукација а неговите морални својста се доказ за правилност на моралното образование.

**ЛИТЕРАТУРА**

Aristotel. *Nikomahova etika*. Beograd Kultura, 1970.

Мирасчиева, С. *Комуникација меѓу наставникот и ученикот во основното учиилиште*. Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев“, 2007.

Митевска, Б.*Улогата и значењето на воспитувачот ,наставникот во процесот на едукација*.Скопје: Списание за педагошки прашања, Просветно дело, 2006.

Potkonjak, N. Krneta, Lj. *Pedagogija*. Beograd: Zavod za izdavanje udzbenike Socijalisticke Republike Srbije, 1965.

Темков.К. *Добро и зло.*Скопје: Македонско дело, 1998.

Темков, К. *Етички речник*. Скопје: Просветно дело- ад, 2004.

Темков, К. *Етика*. Скопје: Просветно дело-ад, 2005.

Темков, К. *Етика*. Скопје: Министерство за образование и наука на РМ, 2010.

Сузиќ, Н. *Педагогија за XXI век*. Бања Лука: ТТ-Центар, 2005.